РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА –

**Предмет: Мислење**

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено барање на мислење во однос на тоа дали настанува состојба на судир на интереси во случај кога блиско лице на градоначалник на општината, вработен во Приватна установа по општа стоматологија сака да конкурирате во јавен оглас на министерството за здравство за тендерска постапка за доделување на лиценци од секундарна специјалистичка дејност по стоматолошка протетика како подобен кандидат – доктор специјалист во истата област.

По однос на предметното барање, Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

**М И С Л Е Њ Е**

Државната комисија утврди дека во конкретниот случај **не постои состојба на судир на интереси.**

Сепак, Државната комисија за спречување на корупцијата укажува дека **согласно член 67 од истиот закон лицето што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотреби својата положба за остварување на корист.** Воедно, согласно член 72 став 2 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, **секое службено лице, во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.**

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен. Согласно начелото на интегритет, секој е должен во вршењето на службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk